ГЕВГЕЛИЈА

**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

Врз основа на член 52 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18) и член 62 став (1) алинеа 14 од Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 8/10 и 18/14), Градоначалникот на општина Гевгелија донесе,

# О Д Л У К А
## за избор на административни службеници по Интерен оглас бр.01/2019

1. За извршители на работните места:

- **Раководител на сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина**, реден број 1, УПР 01 01 Б02 000, ниво Б2, во Секторот за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина, во Општина Гевгелија, се избира кандидатот **Станка Карајанова**;
- **Раководител на одделение за финансиски прашања**, реден број 2, УПР 01 01 Б04 000, ниво Б4, во Одделението за финансиски прашања - Сектор за финансиски прашања, во Општина Гевгелија, се избира кандидатот **Лилјана Кичукова**;
- **Раководител на одделение за локални даноци и такси**, реден број 3, УПР 01 01 Б04 000, ниво Б4, во Одделението за локални даноци и такси - Сектор за финансиски прашања, во Општина Гевгелија, се избира кандидатот **Петранка Чавдаров**;
- **Советник за развој на образованието,** реден број 4, УПР 01 01 В01 000, ниво В1, во Одделението за образование - Сектор за јавни дејности и локален економски развој, во Општина Гевгелија, се избира кандидатот **Билјана Арџанлиева**;
- **Советник за евиденција и контрола на сообраќајната сигнализација,** реден број 5, УПР 01 01 В01 000, ниво В1, во Одделението за комунални работи и локални патишта - Секторот за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина, во Општина Гевгелија, се избира кандидатот **Мирјана Гелебешова**;
- **Самостоен референт за општи и технички работи**, реден број 6, УПР 01 01 Г01 000, ниво Г1, во Одделението за стручно-административни и општи работи - Сектор за правни, административни и општи работи и поддршка на Градоначалникот, во Општина Гевгелија, се избира кандидатот **Ристо Динев**.

2. Именуваните ќе бидат унапредени на работните места од претходната точка, по конечноста на оваа Одлука, за што ќе се донесе Решение за унапредување.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

***О б р а з л о ж е н и е***

Врз основа на Барање за започнување на постапка за унапредување на административен службеник бр.08-292/1 од 6.2.2019 година и Известување за обезбедени финансиски средства во Буџетот на општина Гевгелија, бр.08-292/2 од 6.2.2019 година, доставени од Градоначалникот до Одделението за управување со човечки ресурси при Општина Гевгелија, на ден 7.2.2019 година, објавен е Интерен оглас број 01/2019, на веб страната на Општина Гевгелија и на Агенцијата за администрација, за унапредување на административни службеници за шест работни места:

1. Раководител на сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина, 1 (еден) извршител, во Секторот за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина, при општина Гевгелија,

2. Раководител на одделение за финансиски прашања, 1 (еден) извршител, во Одделението за финансиски прашања - Сектор за финансиски прашања, при општина Гевгелија;

3. Раководител на одделение за локални даноци и такси, 1 (еден) извршител, во Одделението за локални даноци и такси - Сектор за финансиски прашања, при општина